UDK 347.999(73)
347.999(4)
347.999(497.7)

# ФОРМИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ТРГОВСКО СУДСТВО КАКО АЛТЕРНАТИВА ЗА РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СУДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Горан Коевски**
редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први"
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", од Скопје,
E-mal: gkoevski@gmail.com

**Борка Тушевска Гавриловиќ**
вонреден професор на Правниот факултет
при Универзитетот "Гоце Делчев" од Штип,
E-mail: borka.tusevska@ugd.edu.mk

**Дарко Спасевски**
вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први",
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", од Скопје
E-mail: spasevski_d@yahoo.com

**Апстракт**
Во овој труд авторите ги анализираат главните трендови, меѓународни искуства и предностите од воведувањето на специјализирани трговски судови во Република Северна Македонија. Споредбената анализа ги зема во предвид предностите и слабостите од воведувањето на трговските судови. Истражувањето ги анализира искутвата на земјите од англосаксонсктото право (САД и Велика Британија) и на земјите од континенталното право (Германија, Франција, Италија, Швајцарија и Холандија) како и на земјите од соседството. Дополнително, авторите прават и анализа на искуствата од работењето на стопанските судови во нашата држава, пред истите да бидат укинати.
Како основа на истражувањето во трудот се земаат извештаите на релевантните меѓународни институции за состојбите во судството во Северна Македонија, а пред се извештаите за напредокот на Европската Унија.

**Клучни зборови**: *трговски судови, реформи на судство, споредбено искуство.*

# ESTABLISHING OF SPECIALIZED COMMERICAL COURTS AS ALTERNATIVE FOR REDEFINING OF THE COURT SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Goran Koevski,**
Full Professor, University „Ss. Cyril and Methodius",
Faculty of law „Iustinianus Primus", Skopje
E-mal: gkoevski@gmail.com

**Borka Tushevska**
Associate professor, Faculty of Law Shtip,
University Goce Delchev – Shtip
E-mail: borka.tusevska@ugd.edu.mk

**Darko Spasevski**
Associate Professor, University „Ss. Cyril and Methodius", Faculty of law
„Iustinianus Primus", Skopje
E-mail: spasevski_d@yahoo.com

**Abstract**
In this paper, the authors are analyzing the benefits of introducing of specialized commercial courts in the Republic of North Macedonia through an analysis of the main trends and international experiences in this field. The comparative analysis takes into account the advantages and weaknesses of the introduction of specialized commercial courts. This research analyzes the practice of the Anglo-Saxon countries (the United States and the United Kingdom) and the practice of the countries of Continental Law (Germany, France, Italy, Switzerland and the Netherlands), as well as neighboring countries. Additionally, the authors are analyzing the experiences from the work of the commercial courts in our country, until they were abolished. This paper is also taken into account the reports of the relevant international institutions on the judicial system in North Macedonia, and in particular the Progress Reports of the European Union.

**Key words**: *commercial courts, reform in judiciary, comparative experience.*

## ТРГОВСКОТО СУДСТВО И НЕГОВОТО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ ВО РЕФОРМАТА НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Помеѓу клучните државни приоритети на Република Северна Македонија, се реформите во праводуството. Најголем дел од реформските процеси се посветени на реформирање на кривичното судство, како и на јавното обвинителство. Наспроти ова, незначително внимание е посветено на реформите на трговското судство, како начин на решавање на трговските спорови. Во корпусот на модалитети за решавање на трговски

спорови, секако влегуваат и механимите за алтернативно решавање на спорови. Сепак, и во овој сегмент исто така е посветено скромно внимание во практиката.

Еден од приоритетите нотирани во "Програма на економски приоритети 2018-2020", подготвена од Министерството за финанисии, а објавена во јануари 2018 година е приоритетот П5 кој содржи "зајакнување на независноста и капацитетите на трговските судови", кое што е изразено во насока на зголемување на капацитетите на трговските одделенија во рамките на постојните судови. Ефикасноста на судовите во рамките на Советот на Европа е обработена и во извештаите на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), каде што таа особено е опсервирана низ призмата на стапката на решени предмети (clearance rate) и просечното време за решавање на предметите (disposition time).[1]

Во 2016 година во надлежните судови биле примени 1.258 предмети во областа на трговските спорови, а во овој период биле решени 1.432 предмети. Согласно наведеното, стапката на решени трговски предмети (clearance rate) во 2016 година изнесува 113,83%, а просечното време за решавање на предметите (disposition time) изнесува 271,46 дена.[2] Во извештајот за напредокот на Република Северна Македонија за членство во Европската Унија во делот на решавање на трговски спорови, односно поконретно за механизмите за алтернативно решавање на спорови се наведува дека има потреба од промоција на овие механизми.[3] Имено се наведува дека "арбитражата се уште не се смета како ефикасна алатка за обезбедување на правда ниту од страна на странките во споровите ниту од страна на судовите"[4]. Во однос на медијацијата се наведува дека ни ефектите од примената на новиот Закон за медијација од 2013 (заедно со тековните измени) се уште не се утврдени.[5] Согласно со податоците за Извештајот за напредок на Северна Македонија за членство во Европската Унија, може да се забележи дека кај нас има повеќе судии во споредба со просекот на Европската Унија. Имено, согласно со податоците кои се презентирани за 2018 година, нашата земја има 25 судии на 100000 жители, додека во Европската Унија на 100000 жители има 21,5 судии[6].

Специјализацијата на судството и засебното функционирање и издвојување на трговското судство е тренд што во различни земји во светот функционира веќе подолг период. Концептот на сепцијализација на судстото е прифатен и од страна на Работната група на Советодавното тело на европски судии (*Working Party of the Consultative Council of European Judges - CCJE*) кое во извештајот од март 2012 година ги определува следните причини односно приоритети при изградбата на трговското судство:

1) Зголемената специјализација на самото право и растот на сложени правни односи."

[1]Види: "Програма на економски приоритети 2018-2020", Министерство за финасии на Северна Македонија, 2018, страница 10.

[2] Ibid. стр. 10.

[3]Види: "North Macedonia 2019 Report", достапно на **https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf**, пристапено на 2.6.2019 година, стр. 10.

[4] Ibid.

[5] Ibid.

[6] Ibid.

2) Општествениот контекст, односно барањето на општеството судовите да покажат поголема експертиза и ефикасност

3) Процесите на специјализација кои постојат во адвокатурата и обвинителството.[7]

Различни студии спроведени во Соединетите Американски Држави и во Австралија покажуваат дека специјализацијата на судовите може да биде преку намалување на времетраењето на судските постапки за сложени предмети за кои има потреба од поседување на посебна експертиза на лицата кои одлучуваат и на лицата кои учествуваат во постапката, а се поврзани начесто со областите на стечајното право, еколошкото право, деловното право, итн.[8] Генерално, како причини за специјализација на судовите или на посебни судски одделенија се споменуваат следните причини: а) подобрување на ефикасноста. Преку специјализација на судиите, како и на административните службеници во специјализираните судови се влијае на ефикасноста на процедурата како и на целокупниот процес на менаџирање со предметите; б) преку формирање на специјализирани судови се влијае и на растоварување на судовите од општа надлежност, со пренесување на дел од предметите; в) специјализацијата на судиите води до донесување на поквалитетни одлуки, особено во сложени предмети кои изискуваат поконкретни знаења. Нивното големо искуство и стручност ќе доведе до донесување на подобри одлуки кое ќе резултира со подобар исход на постапките; г) креирањето на специјализирани судови со посебна јурисдикција (надлежност) ќе доведе до создавање на воедначена судска пракса во дадената област за која е надлежен одреден суд што ќе доведе до поголем степен на предвидливост на судските одлуки и зголемување на довербата во судовите, како и претпоставка за намалување на предмети по жалби.[9]

Од друга страна треба да се имаат во предвид и одредени забелешки кои се констатирани во различни студии. Во низата на забележки може да ги вбориме следните: а) формирањето на специјализирани судови, се смета за привилегија на односната група адресати за кои се однесува, додека останатите субјекти треба да се ослонат на судовите со редовна (општа) надлежност, б) специјализацијата на судовите претставува само дуплирање на работата на постојните експерти (пример за ваквото решавање на спорови се механизмите превидени во градежните спорови - *dispute board* – кои се составени од експерти специјализирани за односното прашање), без притоа да се додаде посебна додадена вредност, в) при формирањето на специјализираните судови, да се преземат мерки за подобрување на состојбите за целокупниот правосуден систем. Може да се забележи дека на краток рок, пренесувањето на предмети од судовите со општа надлежност на специјализираните судови може да влијае позитивно во насока на растоварување на првиот тип на судови. Но, ако од промената имаат корист само мала група на субјекти корисници на услугите и позитивните резултати не се

[7] Види: Gramckow, H., Walsh, B., Developing Specialized Court Services - International Experiences and Lessons Learned", The World Bank, 2013, стр. 9, достапно на:**http://documents.worldbank.org/curated/en/688441468335989050/pdf/819460WP0Devel00Box379851B00PUBLIC0.pdf,** пристапено на 22.3.2018 година.

[8] Види: Gramckow, H., Walsh, B., *op.cit.* стр. 5.

[9] *Ibid*. стр. 10; види и: Коевски, Г., Спасевски, Д., „Трендови во поглед на специјализацијата на судството од областа на трговските спорови", достапно на **https://akademik.mk/trendovi-vo-pogled-na-spetsijalizatsijata-na-sudstvoto-od-oblasta-na-trgovskite-sporovi/,** пристапено на 3.6.2019 година.

пренесат на целокупниот судски систем, тогаш ќе се доведе под знак на прашање процесот на специјализација на судот, г) се смета дека можеби е подобро средствата кои се потребни за формирање и функционирање на специјализирани судови да се искористат за подобрување на судовите од општа надлежност, д) судиите кои работат во специјализираните судови може да се насочат на одредена специјалност, но истовремено се стеснува нивниот поглед кон останатите делови на правото, што може да резултира со ограничување на нивната способност да ги имаат во предвид останатите делови од правото при нивното постапување, ѓ) со самата специјализација, претпоставката е и дека судиите, со оглед на тоа што ќе работат постојано само со одреден тесен круг, на субјекти, може да развијат лични односи со овие субјекти кои судиите ќе ги ограничат во нивната објективност.[10]

Што се однесува до начинот и структирањето на специјализацијата на трговското судство, односно бил кој вид на судство, може да се забележат различни модалитети. Избраниот модел треба да биде соодветен на проблемот кој треба да се реши со специјализацијата и кој може да биде различен од земја до земја, а пред сé зависи од бројот на предмети, како и од сложеноста на предметите кои би се опфатиле со специјализацијата.[11]

Во таа насока може да се издвојат следните модели на организациско устројство на специјализирани судови: а) Основање на засебни судови или дури и основање на засебен судски систем. Овие судови би функционирале и во засебни згради и би применувале и процесни правила кои би биле различни од правилата што важат за другите судови; б) Формирање на посебно судско одделение или сектор во рамките на постојниот суд (во соседството, види го примерот на Република Бугарија[12]), в) Создавање на судии кои ќе имаат посебна специјализација за одредена област или на посебни специјализирани судски совети во рамките на постоен суд. Ваквиот модел е особено погоден за мали судови кои немаат многу голем број на предмети. Во ситуациите кога одлуката ја носи судски совет, доволно е еден од судиите членови на тој совет да биде специјализиран за одредена област. Таков е примерот на германскиот федерален суд (*Budesgerihtshof)* каде во секој панел на судии има еден судија т.н. судија известител кој е специјализиран за областа од која доаѓа конкретниот предмет.[13]

Во 1980 година Конгресот на Соединетите Американски Држави основал посебен комитет (*Federal Courts Study Committee*) да истражи голем број на прашања и да направи евалуација на работата на специјализираните *судови.*[14]

---

[10] *Ibid.* стр. 5.

[11] За специјализација на судството генерално види: Кипријановска, Д., За концептот на специјализирано судство, достапно на **http://ihr.org.mk/p.php?pid=329** пристапено на 11.4.2018 година.

[12] За судскиот систем во Република Бугарија, види повеќе: **https://e-justice.europa.eu/content_specialised_courts-19-bg-maximizeMS-en.do?member=1** пристапено на 21.4.2018 година.

[13] Ibid. стр. 14-15.

[14] Во 1990 година во посебен извештај на овој Комитет, покрај другото биле определени и критериуми што треба да одредат кога може и треба да се основа посебен специјализиран суд: Предметот на спорот припаѓа на засебна област која што може да биде одделена од другите области на правото; Областа за која се однесува специјализацијата опфаќа голем број на предмети кои претставуваат оптоварување на постојните судови и пренасочувањето на овие спорови кон специјализираниот суд ќе резултира со растоварување на постојните редовни судови; Предметите опфаќаат прашања од стручна и техничка природа за чие постапување е потребно судијата да поседува посебна

Во поглед на стварната надлежност која ќе се довери на специјализираните трговски судови, исто така, постојат различни пристапи и различни решенија. Генералното правило е дека треба да постои јасна разлика помеѓу надлежностите на специјализираните судови и судовите со општа надлежност, со цел да не се преклопуваат нивните надлежности, односно да не се доведеме во ситуација кога тие меѓусебно ќе си конкурираат со надлежностите и ќе дојде до судир помеѓу нив.[15]

## ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРГОВСКОТО СУДСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Постапувањето во судските постапки во сегментот на трговски спорови во Северна Македонија е уредено со Законот за судовите[16] и Законот за парничната постапка[17]. Законот за судовите е основен системски закон со кој се уредува устројството и организацијата на судовите во Севрна Македонија.

Согласно со членот 12 (1) од Законот за судовите, работата во судовите по правило се врши во специјализирани судски оддели. Во членот 12 (2) од Законот за судовите е предвидено дека специјализираните судски оддели се формираат во зависност од видот и обемот на работа во судот, и тоа во кривична област, малолетнички криминалитет, граѓанска и стопанска област, работни спорови и за други покарактеристични видови спорови од делокругот на работата на судовите. Покрај специјализација на судски оддели, Законот за судовите признава и предвидува и специјализација на судии. Имено, согласно со членот 12 (3) од Законот за судовите, во рамките на специјализираниот судски оддел се остварува специјализација на судиите.

Согласно со членот 22 од Законот за судовите, во судскиот систем судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија. Оваа одредба ни покажува дека во практиката во нашата држава функционира специјализирано судство организирано преку негова институтиционална специјализација. Имено, таков е случајот со управното судство кое се практицира преку Управниот суд и Вишиот управен суд.

Согласно со членот 23 (2) од Законот за судовите,основните судови согласно со стварната надлежност судат во прв степен и се основаат како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност. Во членот 23 (3) од Законот за судовите се предвидува дека во рамките на основните судови со проширена надлежност задолжително се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови на спорови.

Во членот 31 од Законот за судовите е предвидена стварната надлежност на основните судови со проширена надлежност. Имено, согласно со членот 31 (2) од Законот за судовите покрај останатите надлежности се предвидени и надлежности во

експертиза; Постои униформност во поглед на администрирањето на предметите од односната област. Gramckow Heike, Walsh Barry, op.cit., стр. 18.

[15] Види: Zimmerman, M., Overview of specialized courts, стр. 8, достапно на **http://www.iaca.ws /files/LWB-SpecializedCourts.pdf,** пристапено на 20.3.2018 година.

[16] Види: „Службен весник наРепублика Македонија“ бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 94/2019.

[17] Види: “Службен весник на Република Македонија”, бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/15.

врска со спорови од трговското право и тоа во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост, како и  во постапка за стечај и ликвидација, и  за спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи. Дополнително основните судови со проширена надлежност постапуваат и во спорови  за утврдување и обезбедување за присилно извршување.

Во март 2019 година се направени неколку промени на Законот за судовите18 кои имаат одредено влиајние и на интерната специјализација на судовите. Прво, се врши измена на членот 12 од Законот за судовите, со која измена според образложението на Предлогот на Законот за имзенување и дополнување на законот за судовите, се влијае на внатрешната организација на судот во делот за формирање на специјализирани судски оддели, со што се дава поширока можност на судовите за формирање на оддели, а со цел за зајакнување на можноста за специјализација на судиите за работа по одделен вид предмети. Второ, согласно со членот 38 од Законот за изменување и дополнување на законот за судовите, оновните судови во Гевгелија, Кавадарци и Кичево ќе ги вршат надлежностите на основни судови со проширена надлежност од 1 јануари 2020 година. На тој начин и овие три судови ќе постапуваат по предмети од трговската област согласно со членот 31 (2) од Законот за судовите. Трето. Се врши допополнување на описната дефиниција од членот 31 (2) од Законот за судовите, каде се додадаат трговските спорови како такви, со што се врши прецизирање и на оваа одредба.

Согасно со членот 33 од Законот за судовите, апелационите судови се надлежни : 1) да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје; 2) да решаваат за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и 3) да вршат други работи определени со закон.

Во Законот за парничната постапка во делот на главата 31 со наслов “Постапка во стопанските спорови” се дадени спецификите на постапките кај овие спорови. Согласно со членот 462 од Законот за парничната постапка, како стопански спорови, однсно како спорови на кои се примнуваат овие специфични правила се определени: 1) во споровите од меѓусебните стопански односи во кои двете странки се правни лица и 2) во споровите што се однесуваат на бродовите и на пловидбата на внатрешните води, како и во споровите врз кои се применува пловидбеното право (пловидбени спорови), освен споровите на превозот на патници.

Дополнително, согласно со членот 463 од Законот за парничната постапка, одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат и во споровите што произлегуваат од меѓусебните стопански односи на имателите на дуќани и на другите а поединци кои во вид на регистрирано занимање вршат некоја стопанска дејност односно од меѓусебните стопански односи на тие лица и правните лица од членот 462 точка 1 на Законот за парничната постапка.

Покрај тоа, согласно со членот 464 од Законот за парничната постапка, одредбите за постапката во стопанските спорови се применуваат и во споровите меѓу лицата од членот 462 точка 1 на Законот за парничната постапка и странски физички и правни лица што произлегуваат од нивните меѓусебни стопански односи, како и во такви меѓусебни спорови на странски физички или правни лица.

[18] Види: Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, Службен весник на РСМ бр. 96/2019.

Согласно со членот 466 од Законот за парничната постапка, во споровите заради утврдување на постоење или непостоење на договор, заради извршување или раскинување на договор, како и во споровите заради надомест на штета поради неизвршување на договор, покрај судот од општа месна надлежност, месно е надлежен и судот на местото каде што според спогодбата на странките тужениот е должен да го изврши договорот.

По однос на прашањето за специјализацијата на трговското судство во Северна Македонија треба да се истакне, дека во одреден историски период од 1954 година па се до 1995 година функционираат посебни стопански (трговски) судови. Овие судови се укинати со Законот за судовите од 1995 година.19

За прв пат, трговските судови кај нас се формирани согласно со Законот за стопански судови на ФНРЈ20 од 1954 година, како и Законот за стопански судови во Социјалистичка Република Македонија21. Согласно со членот 2 од Законот за стопански судови на ФНРЈ, стопанското судство се организира преку окружни стопански судови, виши стопански судови и Врховен стопански суд. Ваквиот пристап се продолжи и со Законот за редовните судови на Социјалистичка Република Македонија од 1976 година22. Согласно со членот 31 од овој Закон, како засебни судски институции беа превидени окружни стопански судови (со седиште во Скопје, Битола и Штип) и Стопански суд на СРМ (со седиште во Скопје).[23] Стопанскиот суд на Македонија согласно со Законот за редовните судови на СРМ, член 47, одлучува за: а) во рамките на надлежноста утврдена со закон, одлучува по жалбите против пресудите и другите одлуки на окружните стопански судови; б) одлучува во прв степен кога е тоа одредено со закон; в) решава по споровите за надлежноста меѓу окружните стопански судови.

Дополнително согласно со членот 48 од Законот за редовните судови на СРМ, Стопанскиот суд на Македонија: а) ја проучуваат судската практика и општествените односи и појави забележани во текот на работата на стопанските судови; б) учествуваат

---

[19] Види: член 111 од Законот за судовите, "Службен весник на РМ", бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 94/2019.

[20] Види: "Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/54.

[21] Види: "Службен весник на СРМ", бр. 42/65.

[22] Види: "Службен весник на СРМ", бр. 10/76.

[23] Како надлежности на окружните стопански судови согласно со членот 45 од Законот за редовни судови на Социјалистичка Република Македонија се предвидува: а) да судат во прв степен стопански и поморски спорови, спорови за надоместок на штета во кои како странки се јавуваат општествено-политичките заедници, организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници, без оглед на вредноста на предметот на спорот; б) да ја спроведуваат постапката и да судат во прв степен за стопански престапи; в) да судат стопански спорови кои се однесуваат на заштита и употреба на пронајдоци, примероци, модели и жигови и право на употреба на фирма; г) да ја спроведуваат постапката за присилно порамнување и стечај и постапката за редовна ликвидација на организациите на здружениот труд и да ги судат споровите што ќе настанат при спроведувањето на постапката без оглед на вредноста на спорот и својството на странките во спорот; д) да водат судски регистар за организациите на здружениот труд и другите организации за кои тоа е одредено со закон; ѓ) да го спроведуваат извршувањето на одлуките на стопанските судови во стопанските спорови и стопанските престапи, освен за недвижност; е) да ги судат стопанските спорови меѓу домашни правни лица и странски физички или правни лица, како и меѓусебните стопански спорови на странски физички или правни лица; ж) да одлучуваат во прв степен за законитоста на поединечните акти во управно-сметководните спорови; з) да вршат и други работи одредени со закон.

во работата на Врховниот суд на Македонија кога Врховниот суд на Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашањата од значење за единството во примената на републичките закони и другите прописи од страна на судовите од општа надлежност и стопанските судови; в) учествуваат во работата на Врховниот суд на Македонија кога се одлучува за вонредни правни средства против правосилни одлуки на стопанските судови или се решава по спорови за надлежност меѓу судовите од општа надлежност и стопанските судови. Во членот 49 од истиот закон се предвидувало дека Стопанскиот суд на Македонија суди во прв степен во совет составен од еден судија, како претседател на советот, и двајца судии-поротници, а во втор степен во совет составен од тројца, од кои двајца се редовни судии и еден судија-поротник. Кога решава спорови за надлежност, советот на Стопанскиот суд на Македонија е составен од тројца судии.

Согласно со одредбите од членот 57 од Законот за редовните судови на СРМ, во Социјалистичка Република Македонија окружни стопански судови биле: 1. Окружниот стопански суд во Битола за подрачјата на општините Битола, Демир Хисар, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга; 2. Окружниот стопански суд во Скопје за подрачјата на општините Македонски Брод, Валандово, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Скопје, Тетово и Титов Велес; 3. Окружниот стопански суд во Штип за подрачјата на општините Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Свети Николе, Струмица, Радовиш и Штип.

Од погоре изнесеното, остануваат недоречени мотивите за укинување на стопанското судство (окружните стопански судови и Стопанскиот суд на СРМ), со оглед на фактот дека се работи за временски околности обележани со транзиција кон пазарна економија, создавање на трговски субјекти по пазарен терк и приватизација на општествениот капитал.[24] Доколку продолжеше постоењето на специјализираните стопански судови, кои поседуваaa соодветна експертиза за постапување по сложени случаи во периодот на транзиција и приватизација, можеби исходот на некои историски процеси ќе беше поинаков.[25]

## СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА НА ТРГОВСКОТО СУДСТВО ВО СПОРЕДБЕНО - ПРАВНИТЕ ИСКУСТВА

Специјализацијата на трговското судство како начин на организација на судството и постапување во трговските спорови е дел од правосудните системи на многу земји. Со текот на времето овој модел на организација на правосудството се покажал како многу ефикасен и практичен за остварување на правда во трговските спорови.

Во 1895 година во Велика Британија се основа Трговскиот суд (*Commercial Court*) како специјализирана гранка на судство на *Queen's Bench Division* кој е надлежен да постапува по трговски спорови, банкарство и финансии, трговско застапување,

[24] Види: Коевски, Г., Спасевски, Д., op.cit. стр.21.
[25] Ibid.

менаџерски договори, договори за превоз на стока, осигурување и реосигурување, увоз и извоз, итн.[26]

Во Фрацнија постојат неколку специјализирани судови и тоа: трговски судови (*tribunal de commerce*), судови за работни односи (*conseil de prud'hommes*), земјоделски судови (*tribunal paritaire des baux ruraux*) и судови за социјална заштита (*tribunal des affaires de sécurité sociale*). Трговските судови, се едни од најстарите специјализирани судски институции основани уште во средниот век. Во Франција во моментот се организирани и функционираат 135 трговски судови. Надлежноста на овие судови се трговски спорови: спорови помеѓу трговци, спорови кои произлегуваат од трговски документи како и стечајни постапки. Исто така овие судови се задолжени и ги водат судските трговски регистри.[27]

Во Швајцарија големите трговски спорови обично се решаваат од страна на редовните судови, но кантоните Цирих, Берн, Сент Гален и Аргау, имаат формирано специјализирани трговски судови кои работат многу успешно.[28]

Соединетите Американски Држави ја прифаќаат потребата од специјализацијата на судството во делот на трговските спорови. Во рамките на Соединетите Американски Држави функционираат т.н. уставни судови кои произлегуваат од членот 3 на Уставот на САД и т.н. легислативни судови кои произлегуваат од членот 1 на Уставот на САД.[29]

Судот од државата Делавер (*Delaware's Court of Chancery*) е прв суд на одделна сојузна држава на САД кој е специјализиран за трговско судство, основан во 1792 година. Во своето повеќе од двовековно постоење овој суд создал голема судска практика и на тој начин овој суд е во предност пред судовите на другите сојузни држави во САД.[30] Покрај тоа, судската практика која ја развил овој суд во текот на годините, влијае на содржината на идните легислативни акти кои треба да бидат донесени.[31]

[26] Ibid.

[27] Ibid.

[28] Согласно со Законот за граѓанска постапка, кантоните може да основаат трговски судови на нивната териотрија како првостепени судови за трговски спорови. На одлуките на кантоналните трговски судови може да се поднесе жалба само до Врховниот суд на Швајцарија. Како трговски спорови за кои се надлежни овие судови се сметаат споровите во кои 1) спорната работа претставува трговска дејност на барем една од страните, 2) вредноста на спорот е минимум 30000 швајцарски франци и 3) странките се регистрирани како трговци во швајцарскиот трговски регистер или во сличен странски регистер. Овие три услови потребно е да бидат исполнети кумулативно. Види: Urs, F., Marcel, F., and Bernhard, C. L., Litigation and enforcement in Switzerland: overview", достапно **на https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/1-502-1695?transitionType= De fault&contextData=(sc.Default)&firstPage=true&bhcp=1** , пристапено на 28.3.2018 година.

[29]Како судови во САД може да ги вброиме Даночниот суд на САД (*US Tax Court*), Воениот апелационен суд на САД (*US Court of Appeals for the Armed Forces*), Апелациониот суд за ветерани на САД (*US Court of Appeals for Veteran Claims*), Стечајните судови (*Bankruptcy Courts*). Во групата на т.н. уставни судови на САД спаѓаат: Суд за федерални побарувања на САД (*US Court of Federal Claims*), Апелационен федерален суд на САД (*US Court of Appeals for Federal Circuit*), Суд за меѓународна трговија на САД (*US Court of International Trade*) Види: Zimmerman Marcus, "Overview of specialized courts", стр. 8, достапно на **http://www.iaca.ws /files/LWB-SpecializedCourts.pdf,** пристапено на 20.3.2018 година.

[30] Види: Fisch, J. E., The Peculiar Role of the Delaware Courts in the Competition for Corporate Charters (May 2000). University of Cincinnati Law Review, стр. 5. 2000. достапно на **https://ssrn.com/abstract=219550 or http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.219550,** пристапено на 21.4.2018 година.

[31] *Ibid.*

Трговски одделенија на постојни судови се основани и функционираат во Њујорк, Чикаго, Северна Каролина, Њу Џерси, Филаделфија, Пенсилванија, Рино, Лас Вегас, Масачусец, Мериленд, Орландо и Флорида.[32] Во декември 1998 година, судијата Каје (*Kaye*) го објавува проширувањето на работа на трговскиот оддел во окрузите Насау (*Nassau*), Ери (*Erie*) и Висчестер (*Westchester*).[33] Во 2002 година, трговскиот оддел се шири и во окрузите Албану (*Albany*) и Суфолк (*Suffolk*).[34]

Посебни специјализирани трговски судови се предвидени и функционират во Република Хрватска солгасно со членот 14, став 2 од Законот за судовите.[35] Во Хрватска се предвидени следните специјализирани судови: трговски судови, управни судови, прекршочни судови, Високиот трговски суд, Високиот управен суд и Високиот прекршочен суд.[36] Надлежностите на трговските судови се уредени во членот 21 од Законот за судовите[37] како и членот 34.б од Законот за за парнична постапка.[38]

[32] Види: Bach, M., Applebaum, L., "A History of creation and jurisdiction of business courts in the last decade", стр. 152, достапно на **http://www.ncbusinesslitigationreport.com/historybusinesscourts2.pdf,** пристапено на 20.3.2018 година.

[33] *Ibid*. стр. 154.

[34] До 1998 година просечното време на траење на парниците во трговското одделение на округот Њујорк (*New York County Commercial Division*) кои опфаќале спорови од договорен аспект, изнесувало 552 денови, додека за ист таков тип на спорови времето на траење на постапката во 1992 година, односно пред основањето на трговското одделение изнесува 648 денови. Во 2000 година просечното времетраење изнесува 412 денови, што претставува кратење на процедурата за 36 проценти од времето кое било потребно за ваков тип на парници пред воведување на трговските оддели. Во 2002 година, просечното време на траење на парниците во делот на спорови произлезени од договорни односи изнесува 364 денови. *Ibid*. стр. 154.

[35] Член 14, став 2 од Закон за судови, (*Zakon o sudovima, Narodne Novine,* 28/13.33/15. 82/15 i 82/16), достапно на: **https://www.zakon.hr/z/122/Zakon-o-sudovima**.

[36] Член 14, став 3, *Ibid*.

[37] Имено, трговските судови се надлежни за: 1) водење судски регистри и постапки за регистрација, 2) одлучување за упис во регистарот на бродови и јахти согласно со Законот за поморство, како и за одговорност на бродарот и распределба на средствата при хаварија, освен ако со друг закон поинаку не е определено, 3) одлучување за предлози во врска со основање, работа и престанок на трговски друштва, 4) одлучување за вонпарнични предмети определи со Законот за трговските друштва, 5) водење постапка за признавање на странски судски одлуки и странски арбитражни одлуки во трговски спорови, 6) спроведување постапки за обезбедување на докази за постапките за кои се надлежни, 7) одлучување за мерки за обезбедување за постапки за кои се надлежни, 8) одлучување за предлози за отворање на стечајна постапка и водење на стечајна постапка, 9) вршење работи за меѓународна правна помош при изведување на докази во трговски спорови, 10 ) извршување други работи определени со закон.[37]

[38] Во таа насока, трговските судови како првостени судови постапуваат во: спорови помеѓу правни лица, спорови помеѓу правни лица и трговци, вклучително и трговски поединци, спорови помеѓу трговци вклучително и трговски поединци, ако се работи за спорови поврзани со нивната дејност, освен ако не се работи за спорови за кои според овој закон судат општинските судови, односно ако не се работи за спорови за кои со закон не е предвидена надлежност на друг суд; спорови во врска со основање, работа и престанок на трговските друштва, како и за располагање со членските права во трговското друштво; спорови помеѓу членови на трговски друштва меѓусебно, како и помеѓу членови на друштвото и самото друштво, кои се однесуваат на управувањето на друштвото и водењето на работите на друштвото, како и правата и обврските на членовите на друштвото кои произлегуваат од нивната положба во друштвото, како и спорови помеѓу органите на управување и надзор и друштвото или членовите на друштвото кои настануваат во врска со нивната работа во друштвото или за друштвото; спорови за одговорност на членовите на друштвото, членовите на органите на надзор и управување на друштвото, за обврските на друштвото; спорови кога како една страна на спорот е субјект над кој е отворена стечајна постапка без оглед на својството на другата

Надлженостите на Високиот трговски суд се предвидени во членот 34-ц од хрватскиот Закон за парничана постапка. Согласно со членот 11 став 2 од Законот за уредување на судовите, во Република Србија постојат редовни судови и судови со посебни надлежности.[39] Судови со посебни надлежности во Србија се: трговски судови, Трговски апелационен суд, прекршочен суд, Прекршочен апелационен суд и Управен суд.[40] Највисок суд во Србија е Врховниот касационен суд со седиште во Белград.[41] Надлженостите на трговските судови во Србија се уредени во членот 25 од Законот за уредување на судовите.[42.]

Формирање на специјализирани трговски судови е предвидено и во Законот за судови на Црна Гора во членот 14.[43] Согласно со членот 19 од Законот за судови, во Црна Гора е предвидено формирање на два трговски судови кои ја покриваат целата територија на оваа држава. Трговските првостепени судови во Црна Гора се со седиште во Подгорица и Бјело Поље. Надлежностите на трговските судови во прв степен во Црна Гора се предвидени во членот 20, став (1) од Законот за судови. Согласно анализираните одредби може да се костатира дека во Србија, Хрватска и Црна Гора е прифатен моделот на основање на пррвостепени специјализирани трговски судови. Во Србија и во Хрватска исто така функционираат и второстепени трговски судови.

страна на спорот, како и сите спорови во врска со стечај, освен ако не се работи за спорови за кои според овој закон не е надлежен општински суд, односно ако не се работи за спорови за кои со закон не е определена надлежност на некој друг суд. Споровите кои се започнати пред настапувањето на правните последици од отворањето на стечајната постапка, ќе се довршат пред судовите пред кои се покренати; спорови во кои се опфатени бродови и пловидбени средства на море и во внатрешната пловидба и на кои се применува поморското право; спорови кои се однесуваат на авиони и на кои се применува воздухопловното право; спорови кои се однесуваат на заштита на правата од индустриска сопственост, авторски права и сродни права и други права од интелектуална сопственост, за заштита на пронајдоци и технички подобрувања, ако со посебен закон не е нешто друго определено; спорови по повод нелојална пазарна конкуренција, монополско однесување, и нарушување на рамноправноста на единствениот хрватски пазар. Види: *Zakon o parnicnom postupku, Narodne novine*, 53/91, 91/92, 112/99, 88/01, 117/03, 02/07, 84/08, 123/08, 57/11, 148/11, 25/13 I 89/14, достапно на: **https://www.zakon.hr/z/134/Zakon-o-parni%C4%8Dnom-postupku.**

[39] Види: *Zakon o uređenju sudova, "Sl. Glasnik RS"*, br. 116/2008, 104/2009, 101/2010, 31/2011, 78/2011, 101/2011, 101/2013, 106/2015, 40/2015, 13/2016, 108/2016 и 113/2017, достапно на **https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_uredjenju_sudova.html.**

[40] Член 11 , став 3 од Законот за уредување на судовите на Република Србија, *Ibid.*

[41] Член 12 од д Законот за уредување на судовите на Република Србија, *Ibid.*

[42] Имено, тука се вкучени: спорови помеѓу домашни и странски трговски друштва, трговски друштва и нивни асоцијации (трговски субјекти), спорови кои настануваат помеѓу трговски субјекти и други правни лица во врска со нивното делување, и кога, под одредени услови една од странките е физичко лице; спорови за авторски и сродни права и заштита на интелектуална сопственост; спорови кои произлегуваат од прописите за организација и статусот на трговските субјекти како и спорови поврзани со приватизација. Исто така, овид судови водат постапка за упис на трговски субјекти и други правни лица во судски регистер и постапка на принудно порамнување, стечај и ликвидација. Дополнителни, одредуваат и спроведуваат извршување и обезбедување врз основа на одлуки на трговски судови. Покрај тоа, одлучуваат за признавање и извршување на странски судски и арбитражни одлуки и одлучуваат за трговски престапи, времени мерки и правни последици на пресудите. Види: Zakon o sudovima, "Sl. List RCG", br. 5/2002, 49/2004, 22/2008, 39/2011, 46/2013, 48/2013, i 32/2014, достапно на **http://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-sudovima.html**

[43] Види: Zakon o sudovima, "Sl. List RCG", br. 5/2002, 49/2004, 22/2008, 39/2011, 46/2013, 48/2013, i 32/2014, достапно **на http://www.paragraf.me/propisi-crnegore/zakon-o-sudovima.html.**

Наспроти тоа, во Црна Гора според Законот за судовите (член 22, став 1) "редовните апелациони судови одлучуваат по повод жалби на трговските судови".

Во последната деценија се развива модификувана варијанта на специјализирани трговски судови, кои се организирани на начин да таргетираат спорови со исклучиво странски елемент, коишто на некој начин се конкуренција на арбитражното решавање на спорови. Имено, се работи за класични национални судови кои се дизјанирани на концептот на арбитража, а се со цел да овозможат, брзо и ефикасно решавање на спорови со разионализација на трошоците. Вака организирани судови се среќаваат во Велика Британија, Франција, Германија, Белгија и Холандија.[44]

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ТРГОВСКО СУДСТВО И НЕГОВА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија се наоѓа во процес на спроведување на реформи во правосудниот сектор, а се во насока на усогласување на домашното законодавство со правото на Европската Унија. Како што беше изнесено погоре во овој труд, Европската Унија посебно внимание во реформските пропцеси посветува на поглавјето 23 кое се однесува на правосудството. Очекувањата се дека едно од првите поглавја кои ќе бидат отворени со започнувањето на процесот на преговорите е токму поглавјето 23. Во последниот Извештај за напредокот на нашата држава подготвен од страна на Европската Унија е констатирано дека има уште многу да се работи во делот на механизмите за алернативно решавање на споровите. Причините за тоа се со цел да се олесни решавањето на оние спорови кои се подобни да бидат дел од овие механизми. Во таа група на спорови најважно место заземаат токму трговските спорови. Овие спорови имаат свои специфики коишто ги прават различни од другите спорови.

Од анализата погоре во трудот, покрај алтнернативните начини на решавање на спорови (арбитража и медијација, пред сè), сакаме да предочиме дека проблемите во делот на решавање на трговските спорови може да се решат и преку воведување на специјализирано трговско судство. Во текстот погоре, беа земени во предвид искуствата на најразивените демократски пазарни економии, во кои трговските судови функционираат со децении и кои сериозно влијаат на процесот за раздавање на правда во овој сегмет, правејќи го поефикасен, побрз и поефтин за странките на спорот. Како што можеме да видиме, во одредени земји, специјализираните трговски судови се издигнуваат како сериозна конкуренција на арбитражните институции. Специјализирани троговски судови се развиени и функционираат и во земјите од опкуржувањето како што се Србија, Хрватска и Црна Гора.

Искуството во Северна Македонија покажува дека судската специјализација во делот на трговски спорови се гради по моделот на специјализација на судија поединец, како и специјализација концентрирана во одделни специјализирани судски одделенија. Треба да се нотира погоре изнесениот факт дека во голед период од 1954 година до 1995

---

[44] Види: Коевски, Г., Спасевски, Д., op.cit. стр. 2-4.

година кај нас функционирале специјализирани трговски судови како окружни стопански судови и Стопански суд на Социјалистичка Република Македонија.

Неспорно е дека при донесувањето на одлуката кој модел на специјализација на судството ќе се примени треба да бидат земени во предвид низа на факти меѓу кои се и а) бројот на предмети кои би ги опфатила специјализацијата, б) сложеноста на предметите, в) времетраењето на нивно конечно решавање, г) големината на државата и бројот на жители, д) постоење на капацитети за спроведување на специјализацијата – пред сé постоење на доволен број специјализиран кадар, ѓ) опсегот на правните области кои ќе ги бидат доверени на специјализираното судство, итн.

Исто така, при изборот на модел треба да се земе во предвид и функционирањето и апликативата на алтернативните начини на решавање на трговски спорови. Од она што беше изнесено во трудот, се забележува фактот кој е нотиран и во Извештајот на Европската Унија, дека алтернативните начини на решавање на спорови генерално, не се развиени на ниво, на кое ќе можат да бидат замена за судството.

Во нашата земја, не е нов концептот на специјализација на судството. Имено, подолг период функционира и се практицира специјализација на управното судство.

Ние, како автори на овој труд на мислење сме дека формирањето на специјализирно трговски судски институции има серизона можност да биде решение за предизивиците во правосудните реформи во овој сегмент. Од погоре изнесеното, предлагаме трговското судство да се формира како двостепено специјализирано судство, (по примерот на претходното вакво искуство во Социјалистичка Република Македонија како и според примерот на Србија и Хрватска). Исто така, посебно внимание трба да биде посветено и на опсегот на надлежности кои ќе бидат преземени потенцијално од специјализираното трговско судство за кое природно би било да постапува по предметни од  статусното трговско право, стечајно право, трговските договори, хартиите од вредност, конкурентското право, правата од интелектуална сопственост, па дури и работните спорови во делот на тнр. „менаџерски договори", со оглед на нивната посебна правна природа.

## Користена и консултирана литература

Bach, M., Applebaum, Lee.A History of creation and jurisdiction of business courts in the last decade", стр. 152, достапно на **http://www.ncbusinesslitigationreport.com/historybusinesscourts2.pdf,** пристапено на 20.3.2018 година.

Fisch, J. E., The Peculiar Role of the Delaware Courts in the Competition for Corporate Charters (May 2000). University of Cincinnati Law Review, стр. 5. 2000. достапно на **https://ssrn.com/abstract=219550 or http://dx.doi.org/10.2139/ssrn.219550,** пристапено на 21.4.2018 година.

Gramckow, H., Walsh, B., Developing Specialized Court Services - International Experiences and Lessons Learned, The World Bank, 2013, стр. 9, достапно на **http://documents.worldbank.org/curated/en/688441468335989050/pdf/819460WP0Devel00Box379851B00PUBLIC0.pdf,** пристапено на 22.3.2018 година,

Huff Martin, “LG Koln goes international”, достапно на **https://www.lto.de/recht/ hintergruende /h/modellprojekt-in-nrw-lg-koeln-goes-international/,** пристапено на 4.4.2018 година.

Ioana Knoll, T., Specialized chambers for international commercial disputes: Paris in the spotlight”, Kluwer arbitration blog, 2018, достапно на **http://arbitrationblog.kluwerarbitration.com/2018/02/14/specialis ed-chambers-international-commercial-disputes-paris-spotlight/,** пристапено на 25.3.2018;

Just, C., A new landmark in international commercial litigation?- the Frankfurt high court installed a specialized chamber for international commercial matters” достапно на **https://www.schulte-lawyers.com/schulteblog/2882017-6y2e6,** пристапено на 5.4.2018 година.

Jean - Paul Gurbanov, R., Judicial Systems Of The Eastern European Countries Council of Europe, 2015;

Коевски, Г., Спасевски, Д., „Трендови во поглед на специјализацијата на судството од областа на трговските спорови“, достапно на **https://akademik.mk/trendovi-vo-pogled-na-spetsijalizatsijata-na-sudstvoto-od-oblasta-na-trgovskite-sporovi/,** пристапно на 3.6.2019 година.

McCahery, J. A., and Vermeulen, E. P. M., Conflict Resolution and the Role of Corporate Law Courts: An Empirical Study (August 12, 2009). ECGI - Law Working Paper No. 132/2009. достапно на **https://ssrn.com/abstract=1448192,** пристапено на 22.4.2018 година.

“Мерење на напредокот на судските реформи – Клучни приниципи, стаднарди и практики”, Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 2016 година.

“North Macedonia 2019 Report”, достапно на **https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf,** пристапено на 2.6.2019 година;

“Програма на економски приоритети 2018-2020“, Министерство за финасии на Северна Македонија, 2018;

Persyn, C., An international business court in Brussels: a modern step forward”, достапно на ”**https://www.nautadutilh.com/en/information-centre/news/2017/11/an-international-business-court-in-brussels-a-modern-step-forward/,** пристапено на 10.4.2018 година.

Pearce, B., Is there a need for specialization by the courts (and prosecutors), power point presentation, достапно на **http://www.asean.org/uploads/archive/21388-4.pdf,** пристапено на 12.4.2018 година;

**Price, C., Brussels international business court, достапно на: https://cew-law.be/brussels-international-business-court/?lang=en,** пристапено на 10.4.2018 година.

Squillante, F., The institution of the Italian commercial courts and its impact on antitrust damages actions, достапно на **iar.agcm.it/article/download/9453/8658**, пристапено на 22.3.2018 година;

Urs, F., Marcel, F., and Bernhard, C. L., Litigation and enforcement in Switzerland: overview, достапно на **https://uk.practicallaw.thomsonreuters.com/1-502-1695?transitionType= De fault&co ntextData=(sc.Default)&firstPage=true&bhcp=1,** пристапено на 28.3.2018 година.

Werra, de J., Specialized intellectual property courts – issues and challenges, International center for trade and development, 2016, стр. 7., достапно на **https://www.ictsd.org/sites/default/files/research/Specialised%20Intellectual%20Property%2 0Courts%20-%20Issues%20and%20Challenges_0.pdf,** пристапено на 23.4.2018 година;

Zimmerman, M., Overview of specialized courts, стр. 8, достапно на **http://www.iaca.ws /files/LWB-SpecializedCourts.pdf,** пристапено на 20.3.2018 година;

Законот за редовните судови, "Службен весник на СРМ", бр. 10/76

Zakon o sudovima, 'Narodna Novina", 28/13.33/15. 82/15 i 82/16;

Zakon o sudovima, "Sl. List RCG", br. 5/2002, 49/2004, 22/2008, 39/2011, 46/2013, 48/2013, i 32/2014;

Законот за судовите, "Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08,У.бр.256/07,У.бр.74/08,150/10, У.бр.12/11;

Законот за судовите, „Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 94/2019;

Законот за стопански судови на ФНРЈ, "Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/54;

Законот за стопански судови во Социјалистичка Република Македонија, "Службен весник на СРМ", бр. 42/65;

Закон за парничната постапка, "Службен весник на Република Македонија", бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/15

Zakon o parnicnom postupku, Narodne novine, 53/91, 91/92, 112/99, 88/01, 117/03, 02/07, 84/08, 123/08, 57/11, 148/11, 25/13 i 89/14;

Zakon o uređenju sudova, "Sl. Glasnik RS", br. 116/2008, 104/2009, 101/2010, 31/2011, 78/2011, 101/2011, 101/2013, 106/2015, 40/2015, 13/2016, 108/2016 i 113/2017;

Законот за управните спорови, "Службен весник на Република Македонија", бр. 62/2006, У.бр.75/2007, У.бр. 231/08, У.бр. 51/2010 и 150/2010.